ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-258/2
03-06-2025

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 19 -та седница одржана на ден 02.06.2025 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предмет со бр.08-1978/1 од 19.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-1978/1 од 19.07.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со бр.08-1978/1 од 19.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива.

Од увидот во Службен весник на РСМ бр.113/24 со Одлука за верификација на мандат на пратениците во Собранието на Република С. Македонија со бр. 08-2612/1од 28.05.2024 година утврдено е дека лицето ----------------- е избран за пратеник на Собранието на Република С. Македонија.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека именуваниот во законски предвидениот рок по изборот на функцијата пратеник не поднел анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК на ------------------ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-1978/3 од 05.08.2024 година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 109 од истиот Закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр. 14-257/1 од 20.01.2025 година со кое сторителот ---------------------- го прогласи за одговорен, по што ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Заменик-пртседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: К.Б, соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
Согласен: К.З, Раководител на сектор